**ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД ЈПКД КОМУНАЛЕЦ СТРУМИЦА**

Почитувани граѓани,

ЈПКД Комуналец во изминативе денови ги превзеде сите можни активности за расчистување на улиците и локалните патишта од снегот. Уште првиот ден на 2 Јануари по обилните снежни врнежи, во соработка со овластени лица од Локалната самоуптава беше известен СВР Струмица и побарана соработка за регулирање на сообраќајот. За жал поради големиот број паркирани возила, во центарот на градот, беше возможно да се оперира само со трактор со распрскувач за сол. Камионот со плуг работеше во рамничарските делови од периферијата а на високите места од градот работеше нашето ИЦБ – возило. Иако тој ден интензивно се работеше од 09:30часот до 22 часот, посеопфатено во центарот на градот се чистеше после 13 часот кога беше намален интензитетот на сообраќајот и бројот на паркираните возила. Механизацијата ма Комуналец работеше по 12 часа секој ден а беше ангажирана и дополнителна механизација од фирмите КИКО ТЕР, КИПО и БЕТОН. Покрај тоа беа ангажирани и над 100–ина луѓе кои ги чистеа тротоарите во централното градско подрачје и покрај обврската на правните и физичките лица просторот пред објектите сами да го исчистат. Од 2 до 6 јануари по улиците во градот и по локалните патишта се потрошени 36 тони сол, или по денови: на 2 Јануари 8,5 тони, на 3 Јануари 8 тони, на 4 Јануари 5 тони, на 5 Јануари 7 тони и на 6 Јануари 7.5 тони сол. ЈПКД Комуналец ги известува граѓаните дека е целосно подготвено успешно да интервенира и при евентуални нови снежни врнежи. Одговорно тврдиме дека состојбата во Струмица со чистењето на снегот е многу подобра, во споредба со други Општини во Државата.